# ПРИЛОГ III

# УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

СОДРЖИНА

III.1. Организациона структура на ЈП Дрисла ....................................................1
III.2. Опсег на работа и одговорности за управување по одделенија ..............2
III.2.1. Приемно – отпремно одделение ..............................................................2
III.2.2. Одделение за депонирање .........................................................................2
III.2.3. Одделение за собирање и транспорт на медицински отпад ...................2
III.2.4. Одделение за согорување на медицински отпад .....................................3
III.2.5. Одделение за механизација .......................................................................3
III.2.6. Одделение за сервисирање ........................................................................3
III.2.7. Одделение за лабораторија ........................................................................3
III.2.8. Одделение за техничка подршка ...............................................................3
III.3. Дозволи за вршење на дејност ....................................................................4
III.3.1. Дозвола за вршење дејност собирање и транспорт на опасен отпад ......4
III.3.2. Дозвола за вршење дејност собирање и транспорт на неопасен отпад ..5
III.3.3. Измена на А – Дозвола за усогласување со Оперативен План ................6
III.3.4. Дозвола за водно право ...............................................................................7
III.4. Воведени стандарди .......................................................................................8
III.4.1. Воведен стандард ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001 ……….........................8
III.4.2. Воведен стандард за општествена одговорност........................................9

## III.1. Организациона структура на ЈП Дрисла

На органограмот претставен на Слика бр.III-1 дадена е Организационата структура на ЈП Депонија ДРИСЛА каде се прикажани одделенијата кои се задолжени за извршување на техничко–технолошките процеси согласно дејноста на претпријатието.




Слика бр.III-1: Шема на организационата структура на ЈП Депонија Дрисла

## III.2. Опсег на работа и одговорности за управување по одделенија

III.2.1. <u>Приемно – отпремно одделение</u>

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- прием и контрола на структурата на отпадот, дозволен за депонирање во депонијата ( комунален, медицински и неопасен индустриски отпад );
- мерење на отпадот и евидентирање на податоците за видот и потеклото;

III.2.2. <u>Одделение за депонирање</u>

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- контрола на внатрешниот транспорт на отпадот до местото за депонирање;
- селекција и класификација на отпадот пред негово депонирање во согласност со Листа на видови на отпад (Службен Весник на РМ бр. 100/05);
- механички, физички, хемиски или биолошки третман на отпадот, со цел да се намали волуменот на отпадот што ќе остане за депонирање;
- депонирање на отпадот и контролирана експлоатација на депониата;
- контрола на состојбата и количеството на депонискиот гас и депонискиот исцедок;
- контрола на емисиите на прав, миризба, бучава, разнесување на материјали,
- пожари, создавање на аеросоли и други штетни елементи;
- контрола на стабилноста на отпадот во депонијата;

III.2.3. <u>Одделение за собирање и транспорт на медицински отпад</u>

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- организирање и извршување на активностите поврзани со склучување на договорите за собирање, транспортирање и согорување на медицинскиот отпад се до негово потпишување;
- собирање и транспорт на медицинскиот отпад од јавн и приватни медицински установи од подрачјето на Град Скопје и РМ (болници, поликлиники, амбуланти, стационар, забна ординации, ветеринарни установи)

III.2.4. <u>Одделение за согорување на медицински отпад</u>

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- евиденција на примени количини медицински отпад согласно Листа на видови на отпад (Службен Весник на РМ бр. 100/05);
- планирање на активностите (организирање на термини, склучување на договори, согорување на отпадот) во однос прием и согорување на медицински отпад од комintenti со сопствени транспортни возила.
- извршување на процесот на согорување на медицински отпадот и лекови со поминат рок;
- собирање на остатокот од согорителниот процес и негово безбедно одлагање на соодветно означена локација;

III.2.5. <u>Одделение за механизација</u>

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- ја организира употребата на целата механизација што ја поседува претпријатието;
- грижа и превземање на мерки за одржување на исправноста на

механизацијата;
- редовно снабдување со горива, мазива и масти, резервни делови и други материјали за потребите на механизацијата;

III.2.6. Одделение за сервисирање

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- редовно сервисирање и тековно одржување на механизацијата;
- дијагностицирање на дефекти на механизацијата;
- редовна дезинфекција и миење на механизацијата во согласност со намената и прописите за одделни типови возила и машини

III.2.7. Одделение за лабораторуја

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- одржување на хигиенско – санитарната исправност и заштита на водоводниот систем на депонијата;
- следење и вршење на квалитативни и квантитативни анализи на исцедокот од депонијата и површинските и подземните води во депонијата и нејзината непосредна околина;
- земање на примероци од пиезометрите;
- земање мостри и обезбедување на анализа на физички и хемиски својства на примениот отпад
- контрола на јонизирачко зрачење на депонијата
- контрола и управување со отпадните води

III.2.8. Одделение за техничка подршка

Ова одделение е одговорно за вршење на следните активности:
- перење и дезинфекција на специјалните комунални возила за транспортирање на отпад, градежните машини и возила;
- снабдување на депонијата со техничка вода од пумпна станица;
- одржување на исправност и заштита на водоводниот систем на депонијата;
- одржување на пристапниот пат до депонијата;
- одржување на хигиената во кругот на депонијата;
- се грижи за заштита при работа на вреботените

## III.3. Дозволи за вршење на дејност

III.3.1. <u>Дозвола за вршење на дејност собирање и транспорт на опасен отпад</u>

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-23-131
13.06.2016 20__ год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комунален и други видови на опасен отпад поднесено од страна на Друштво за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО Батинци, Студеничани со седиште во населено место без уличен систем Батинци, Студеничани, на ден 27.05.2016 година, донесе Решение бр. УП1-23-131 за издавање на

# Д О З В О Л А

### ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОПАСЕН ОТПАД

- Носител на дозволата: **Друштво за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО Батинци, Студеничани**
- Седиште: **Населено место без уличен систем Батинци, Студеничани**
- Матичен број: 6533191
- Даночен број: 4080009506800
- Евидентен број на дозволата: 18 од **23.05.2016 година**
- Датум на издавање на дозволата: **27.05. 2016 година**
- Важење на дозволата до: **27.05. 2026 година**

М.П

МИНИСТЕР

Bashkim Ameti

## III.3.2. Дозвола за вршење дејност собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр. Nr. УП1-31-854/2020
06-07-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад со архивски број УП1-31-854/2020 поднесено од страна на **Јавно претпријатие за депонирање накомунален отпад ДРИСЛА Скопје, со седиште на ул. Булевар Илинден бр. ББ Скопје - Центар општина Центар**, на ден 02.07.2020 година издаде:

# Д О З В О Л А

### ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

- Носител на дозволата: **Јавно претпријатие за депонирање накомунален отпад ДРИСЛА Скопје**
- Седиште: **Ул.Булевар Илинден бр. ББ Скопје - Центар општина Центар**
- Матичен број: **6533191**
- Даночен број: **4080009506800**
- **Евидентен број на дозволата: 91 од 24.06.2020 година**
- **Датум на издавање на дозволата 02.07.2020 година**
- **Важење на дозволата до 02.07.2025 година**

М.П

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

III.3.3. Измена на А – Дозвола за усогласување со Оперативен План



**Дозвола Бр.**

Закон за животна средина

## Дозвола

**Број на дозвола :**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. весник Бр53/05), го овластува

**Име на компанија**
**Друштво за депонирање на комунален отпад**
**ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО, Батинци,Студеничани**

со регистрирано седиште на

**Адреса**
**ПФ 34, 1050 Скопје**
**Држава**
**Македонија**

**Број на регистрација на компанијата: 6533191**

да раководи со Инсталацијата

**Цело име на инсталацијата**
**Друштво за депонирање на комунален отпад**
**ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО, Батинци,Студеничани**

**Адреса**
**с. Батинци**
**Поштенски број 1052 Студеничани**

во рамките на дозволата и условите во неа.

**МИНИСТЕР**
**Abdilaqim Ademi**

**Датум:** 31.10.2013

III.3.4. Дозвола за водно право

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр.УП1-11/5-198/2017 од ______ година
Скопје 25. 09. 2017

Министерство за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето бр.УП1-11/5-198/2017 од 17.02.2017 година на ДДКО "Дрисла" Доо с.Батинци, општина Студеничани, за издавање на Дозвола за користење на вода од бунар (ЕБ-1, ЕБ-2 и ЕБ-3) за санитарни и технолошки потреби, врз основа на член 40 од Законот за водите (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) донесе решение за издавање на

## ДОЗВОЛА

На Инвеститорот ДДКО "Дрисла" Доо с.Батинци, општина Студеничани, за користење на вода од бунари за санитарни и технолошки потреби, лоцирани на КП 2301 КО Батинци општина Студеничани, со следните услови:

1. Зафатниот објект лоциран на КП 2301 КО Батинци, е со следните координати:

   ЕБ-1 X=4 641 575 и Y=7 538 750
   ЕБ-2 X=4 641 574 и Y=7 538 736
   ЕБ-3 X=4 641 575 и Y=7 538 760

2. Зафаќањето на вода од водозафатниот објект ЕБ1 несмее да ги надмине следните количини:
   Qмах= 1,4л/с

3. Зафаќањето на вода од водозафатниот објект ЕБ2 несмее да ги надмине следните количини:
   Qмах= 1,35л/с

4. Зафаќањето на вода од водозафатниот објект ЕБ3 несмее да ги надмине следните количини:
   Qмах= 1,35л/с

5. Зафаќањето на вода од водозафатниот објект ЕБ1, ЕБ2 и ЕБ3 несмее да ги надмине следните количини:
   Qмах= 4,1л/с

1

## III.4. Воведени стандарди

### III.4.1. Воведен стандард ISO 9001, ISO 14001 и ISO 45001

INTERCERT
system certification

# CERTIFICATE СЕРТИФИКАТ

Certification Body INTERCERT
certifies that

Сертификациското тело ИНТЕРЦЕРТ
потврдува дека

ЈП ДЕПОНИЈА
ДРИСЛА
СКОПЈЕ

has implemented and maintains a
Management System according to the standard

го применува Системот за менаџмент
согласно барањата на стандардот

**МКС EN ISO 9001:2015**
**МКС EN ISO 14001:2015**
**МКС ISO 45001:2018**

scope:
Waste and landfill management

во опсег:
Управување со отпад и депонија

at the following location
bul. Ilinden bb, Skopje

на локација
бул. Илинден бб, Скопје

Issue Date: 31.12.2020
Expiry Date: 30.12.2023
Registration No: N-136/2020

Датум на издавање: 31.12.2020
Важност до: 30.12.2023
Регистарски број: N-136/2020

INTERCERT
Jordan Mijalkov 44/2-10
1000 Skopje, Macedonia
www.inter-cert.net

Managing Director / Управител

INTERCERT CERTIFIED | ISO 9001 QMS | ISO 14001 EMS | ISO 45001 OH&SMS

This certificate is valid until the Expiry Date on the condition that audits are conducted and paid for as per the Certification Agreement. Should this condition not be met, cancellation procedures will be initiated and the client will be removed from the INTERCERT register. This Certificate remains the property of INTERCERT and must be returned upon request. It must not be altered in any way. Intentional misuse of this certificate will result in cancellation without prior notification. Certificates can be checked through info@inter-cert.net / Сертификатот останува валиден до датумот на важност, под услов да се спроведат редовните надзорни проверки и да се подмират финансиските обврски кои произлегуваат од Договорот за Сертификација. Доколку не се исполнат овие услови, ќе се пристапи кон постапка за одземање на сертификатот, а организацијата ќе биде избришана од регистарот на сертифицирани организации. Овој Сертификат е сопственост на Интерцерт и организацијата има обврска да го врати на барање на Интерцерт. Секоја намерна злоупотреба на овој сертификат ќе резултира со негово одземање без претходна најава. Сертификатите може да бидат проверени на info@inter-cert.net

## III.4.2. Сертификат за општествена одговорност


СЕРТИФИКАТ

ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

IASS : RES.C 2020-2022

ОВОЈ СЕРТИФИКАТ СО ЗАДОВОЛСТВО ГО ДОДЕЛУВАМЕ НА

ЈП ДЕПОНИЈА ДРИСЛА СКОПЈЕ

Сертификатот е доделен за интеграција во sertifikat.eu.mk, електронски систем за сегментација на правни субјекти кои се општествено одговорни и за кои даваме препорака за користење на нивните производи/услуги сега и во иднина!

Правниот субјект поседува и дигитален баркод кој има право да го истакне јавно за потврда на интеграцијата!

20.11.2020

ДАТУМ

ПОТПИС